Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К

## *ОД ПРОДОЛЖЕНИЕТО НА 63 –ТАТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА*

## *ОДРЖАНА НА 6 МАРТ 2014 ГОДИНА*

**ЗАПИСНИК**
од продолжението на шеесет и третата седница на Државната изборна комисија

Продолжението на шеесет и третата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 6 март 2014 година ( четврток ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 11:00 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М – р. Субхи Јакупи -** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генерален секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

На Дневен ред беа предложени одложените точка од 63 – тата седница одржана на 27.02.2014 година, и тоа:

**10.Разрешување и случаен избор за именување на претседатели, членови и нивни заменици на Избирачките одбори за гласање во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии, согласно членовите 38 став (4) и 38–а став (3) од Изборниот законик;**
**11.Случаен избор за именување на претседател, членови и нивни заменици на Избирачкиот одбори за спроведување на гласањето во Државната изборна комисија на членовите на Избирачките одбори во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии и**
**16.Разно.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека 63 – тата Седница на ДИК беше прекината поради потребата на техничка подготовка за точките 10 и 11 да може да се изврши избор на претседатели, членови и нивни заменици на Избирачките одбори за гласање во ДКП односно конзуларните канцеларии и да се спроведе случаен избор за именување на претседател, членови и нивни заменици на Избирачкиот одбори за спроведување на гласањето во Државната изборна комисија.

Се започна со работа по одложените точка од 63 – тата седница одржана на 27.02.2014 година, и тоа по точките 10, 11 и 16 .

**Точка 10:**

**Разрешување и случаен избор за именување на претседатели, членови и нивни заменици на Избирачките одбори за гласање во Дипломатско**

**конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии, согласно членовите 38 став (4) и 38–а став (3) од Изборниот законик;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го замоли Бедредин Ибраими,Член на ДИК да започне со презентирање на податоците содржани во табелата во која се внесени сите ИО избрани 2011 година, со имиња и презимиња, функцијата која ја имаат во ИО и образованието.

Бедредин Ибраими ја започна постапката на разрешувањето и случаен избор за именување на претседатели, членови и нивни заменици на Избирачките одбори во ДКП односно конзуларните канцеларии. Предложи прво да се оди со разрешување на претседателите на ИО а потоа одма со избор на нови претседатели на ИО кои согласно членот 38 – а став (3) од Изборниот законик се избираат од редовите на дипломатите и вработените во соодветното ДКП. Потоа да се продолжи со изборот на членови на ИО и заменици членови кои немаат соодветно образование или од друга причина се разрешуваат ( пензионирање, им престанал статусот на јавен или државен службеник и сл. ). На крај ИО ќе се дополнат со членови и нивни заменици предложени од политичките партии согласно членот 38 ставовите (5) (6) и (8) од Изборниот законик. При изборот на претседатели, членови и нивни заменици на Избирачките одбори ДИК водеше сметка за етничката и полова припадност на ново избраните лица.

Прво се спроведе разрешувањето и случаен избор за именување на претседатели, членови и нивни заменици на Избирачките одбори за гласање во 36 ДКП и тоа во: Виена, Брисел, Сараево, Софија, Загреб, Копенхаген, Париз, Берлин, Бон, Минхен, Атина, Будимпешта, Рим, Венеција, Хаг, Букурешт, Москва, Белград, Љубљана, Мадрид, Стокхолм, Берн, Анкара, Истанбул, Лондон, Подгорица, Прага, Приштина, Торонто, Вашингтон, Чикаго, Њујорк, Камбера, Мелбурн, Пекинг и Детроит.

Потоа се спроведе случаен избор за именување на претседатели, членови и нивни заменици и комплетно се избрани 11 Избирачки одбори во ДКП во Тирана, Каиро, Талин, Солун,Тел Авив, Варшава, Киев,Осло, Отава,Њу Делхи и Доха бидејќи во 2011 година во овие ДКП немало гласање поради тоа што имало помалку од 10 пријавени гласачи.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека е спроведена постапката по точката 10 од дневниот ред за разрешување и случаен избор за именување на претседатели, членови и нивни заменици на Избирачките одбори за гласање во 47 Дипломатско конзуларни претставништва односно конзуларни канцеларии, согласно членовите 38 став (4) и 38–а став (3) од Изборниот законик.

Поради технички подготовки работата по точките 11 и 16 ќе продолжи на ден 7.03 2014 година.

На ден 7.03.2014 година со почеток во 14:30 часот се продолжи со работа по точките 11 и 16 од продолжението на шеесет и третата седница на Државната изборна комисија.

**Точка 11:**

**Случаен избор за именување на претседател, членови и нивни заменици на Избирачкиот одбори за спроведување на гласањето во Државната изборна комисија на членовите на Избирачките одбори во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии.**

Раководителот на Секторот за информатичка технологија објасни дека по донесувањето на Одлука за утврдување на бројот на избирачкото место за гласање на членовите на Избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во ДКП,

односно конзуларните канцеларии на Република Македонија во странство, во седиштето на ДИК е ИМ 5050 може да се отпочне со Случаен избор од редот на вработените во државната и јавната администрација.

Бедредин Ибраими, Член на ДИК даде еден рационален предлог да се бираат лица вработените во државната и јавната администрација од скопските општини затоа што се работи за Избирачки одбори за спроведување на гласањето во Државната изборна комисија за да не се малтретираа лица кои живеат надвор од Скопје.

Бедредин Ибраими, Член на ДИК го започна Случајниот избор. Избрани се Претседател, Заменик Претседател, два члена и два заменик члена на Избирачкиот одбори за спроведување на гласањето во Државната изборна комисија на членовите на Избирачките одбори во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии, водејќи сметка за процентот и застапеноста врз основа на национална и полова припадност. Другиот состав се пополнува по предлог од политичките партии.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека е завршен изборот во Избирачкото место 5050 на претседател, членови и нивни заменици на Избирачкиот одбори за спроведување на гласањето во Државната изборна комисија на членовите на Избирачките одбори во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии. Да се потврди изборот со гласање.

**6 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " прифаќање на Случајниот избор за именување на претседател, членови и нивни заменици на Избирачкиот одбори за спроведување на гласањето во Државната изборна комисија на членовите на Избирачките одбори во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии и 1 член е "ВОЗДРЖАН ".**

**Се констатира дека е Случајниот избор за именување на претседател, членови и нивни заменици на Избирачкиот одбори за спроведување на гласањето во Државната изборна комисија на членовите на Избирачките одбори во Дипломатско конзуларните претставништва односно конзуларните канцеларии прифатен.**

**Точка 16:**
**Разно**

За дискусија по точката "Разно" не се јави никој за збор.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, поради тоа што немаше пријавени за дискусија, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и го затвори продолжението на 63 – тата Седница на ДИК .

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**Продолжението на 63 - тата седница на Државната изборна комисија заврши во 14:40 часот.**

**Број** 07-635/6
11.03.**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**